ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
П1.18/23
28.11.2023 година
Велес

О Б Ј А В А

Пред Основниот суд во Велес е поднесена тужба од тужител Македонка Петрушевска од Велес против тужените Субахан Демиров од Велес со живеалиште на ул.Благој Страчков бр. 29 и Сељма Демирова со живеалиште на ул.Благој Страчков бр. 29 , за злоупотреба на право на сопственост и надомест на штета вредност на спорот 105.139,00 денарипо која е заведен предмет П.1 бр. 18/23.

Тужениот Субахан Демиров од Велес со живеалиште на ул.Благој Страчков бр. 29 не е пронајден на наведената адреса и е недостапен на органите за прогон, со сознанија дека не живее на наведената адреса и е иселен надвор од територијата на РСМ со пријавено престој во Р.Германија според известување од МВР СВР ПС-ОН Велес Рег.бр. 22.23.5.1-69-887/2 од 25.09.2023 година на која адреса судот го повика со препорачана пошта која е вратена со назнака„адресата не е потполна“.

Со оглед на тоа што сега тужениот Субахан Демиров од Велес со последно живеалиште на ул ул.Благој Страчков бр. 29 на истата не е пронајден и е со непозната адреса на живеење и престојувалиште, ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Велес со Решение бр.1403-1104 од 27.11.2023 година за посебен старател му го постави Стефан Кимовски од Велес вработен во ЈУ МЦСР Велес.

Се повикува тужениот Субахан Демиров од Велес со последно живеалиште на ул ул.Благој Страчков бр. 29 , во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот да се јави како тужен во постапката.

Во спротивно, неговите интереси ќе ги застапува посебниот старател Стефан Кимовски од Велес вработен во ЈУ МЦСР Велес.

Воедно се известува тужениот дека е закажана главна расправа за 25.12.2023 година во 10,00 часот во судница бр. 3, први кат, во Основен суд Велес.

Претседател на совет-судија
Валентина Петровска

Објавено на огласна табла во Основен суд Велес на ден 28.11.2023 година во 12,00 часот и на Веб страната на Основен суд Велес